Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 92/0306
30.04 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 19.04.2024 година, врз основа на примена жалба од Д-р Косара Орпан Анастасовска донесе следнава:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

**Жалбата е основана. Текстот, објавен во „Мој збор.мк, „Скандалозно однесување на психајатарката Косара Оропан Атанасовска: Дете и маж жртва на семејно насилство наведувала на несакан контакт, а тие дошле на сеанса да им се ублажи стресот и вознемиреноста “ објавен на 15.03.2024 година, отстапува од етичките стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Д-р Косара Орпан Анастасовска на 21.03.2024 поднесе претставка до Извршната канцеларија за Жалбената комисија на СЕММ, дека во текст објавен на порталот Мој збор.мк спротивно на новинарската практика се обвинува лично за непрофесионално однесување. Докторката се жали дека се известувало неточно и нефер, дека не е застапена втора страна, дека имало говор на омраза, мешање на факти со коментари, повреда на приватност и друго.

Во претставката не се наведуваат поконкретно деталите од случајот, ниту пак, дека имало конкретно барање од медиумот, иако во подоцнежната преписка помеѓу Извршната канцеларија на СЕММ и жалителката, се наведува и упатен но необјавен демант до медиумот и други елементи поврзани со објавената содржина.

## ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ

До Жалбената комисијата на СЕММ, преку Извршната канцеларија на 28.03.2024 е упатен одговор од медиумот, во кој се отфрлаат наводите од жалбата. Притоа, меѓу другото, е наведено:

„Пренесено е отворено писмо стигнато до редакцијата како содржина која се цитира.

Ние како медиум сме сервис за граѓаните и го користиме некој да упати јавна поплака. Доколку лекарката, имено пријавителка почувствува потреба да даде демант на наводите во отвореното писмо, стоиме на располагање да го објавиме во целост. Инаку од наша страна е направен обид да се слушне и коментарот на докторката и да се застапи, од нејзина страна немаше волја за соработка туку класична закана за секој новинар со кривична пријава и закана за тужба.

Така што не е вина на новинарот што не е застапена другата страна, туку немање интерес за соработка од докторката. Чекаме демант на објавата“.

## ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Со текстот објавен во Мој збор.мк, „Скандалозно однесување на психијатарката Косара Оропан Атанасоска: Дете и маж жртва на семејно насилство наведувала на несакан контакт, а тие дошле на сеанса да им се ублажи стресот и вознемиреноста“ објавен на 15.03.2024 година, се прекршени етичките правила, поточно, Член 1 од Кодексот на новинарите на Макдонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата го разгледа спорниот текст и утврди дека станува збор за тема од јавен интерес, поточно работата на конкретен лекар во една од социјалните установи, во случај на потребна психијатриска помош на двете деца, кои според тврдењето на таткото, исто како и тој, биле жртви на семејно насилство од мајката.

Текстот е всушност отворено писмо кое го објавил медиумот Мој збор.мк и во кој се наведени детали од прегледот. Во отвореното писмо се наведува дека непрофесионалниот однос на лекарката се состоел од тоа што за време на прегледот најпрво се обидела да ги проверува изјавите од едно од децата со провокативни прашања и да ја релативизира неговата изјава. Поточно, во писмото се тврди дека докторката се потсмевала на изјавите на детето, го терало да се посомнева во нив, „и со сугестивни и реторички прашања се обиде да го релативизира и претстави како незначаен стресот кој децата го доживеале поради однесувањето на мајката. Иако децата сведочеа за насилното однесување на мајката, докторката ги преиспитуваше нивните изјави, несогласна да постави анамнеза и на многу перфиден начин ја бранеше дефиницијата ‚мајка', веројатно водена од стереотипот дека мајаката не може да биде насилна кон сопствените деца".

Натаму во писмото се наведува дека докторката се обидела да ја внесе мајката во просторијата каде што е и детето на тој начин што ја повикала, а се откажала од таа идеја откако таткото се заканил и повикал интервентна полиција. Уште се наведува дека со решение на центар за социјални работи малолетното дете и е одземено на мајката и доделено на грижа на таткото, како и дека тактото, исто така жртва, ја тужел за обид за убиство при извршување семејно насилство.

Комисијата утврди дека во случајот е нарушен Член 1 од Кодексот, бидејќи отвореното писмо е објавено без проверка на веродостојноста на наводите со кои лекар се обвинува за непрофесионално постапување при потреба од психијатриска сеанса на дете – жртва на семејно насилство.

Член 1 од Кодексот на новинари на Македонија гласи:
Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Комисијата утврди дека е објавена само едната страна, т.е. субјектот кој изнесува обвинувања, додека нема релевантни докази дека е направен обид да се слушне и втората страна. Иако медиумот поднесе скриншот од телефонски листинг дека била побарана докторката, Комисијата констатираше дека листингот е со датум кој што е десетина дена подоцна од датумот кога е објавен текстот.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Впрочем, медиумот бил должен да го напише во текстот фактот дека се обиделе да ја слушнат и втората страна, како и дека таа наводно одбила да коментира и се заканила со тужба, како што наведуваат во одговорот до СЕММ. Освен ова, доколку медиумот сакал да ја провери сторијата, можел да го провери и фактот дали навистина таткото се јавил во полиција за да пријави незаконски обид за средба на жртва на насилство со насилникот.

Комисијата, исто така, утврди дека текстот е избришан, а не е објавен демант, но не може да утврди дали демантот е испратен па не стигнал до медиумот или пак, воопшто немало демант, бидејќи не е доставено соодветно уверување за едното или другото тврдење, така што при расправата не се најде основа за прекршување на Член 3 од Кодексот, иако беше разгледуван и овој можен прекршок на медиумот.

Комисијата, исто така, не ги зеде предвид обвинувањата од страна на жалителката за лична поврзаност на авторот на писмото со главната уредничка на медиумот, па така не најде основа ниту за Член 16, кој забранува злоупотреба на медиумот за пресметка со други лица или со други медиуми и новинари.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Мери Јордановска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595